| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Здравјето треба да се чува |
| **Содржина на денот** | Палтенцето на ешко |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Татјана Ч. Јовановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување здрави навики, одржување на лична хигиена, како да се храниме здраво, кои продукти ни помагаат за да бидеме здрави и силни. |
| **Активности** | Водете интерактивен разговор со детето за времето во есен, се потсетуваме на топлата облека и нејзините  делови (палто, капа, ракавици, чизми, шал), како треба да се чуваме во есенските денови за да останеме здрави.<br>Во продолжение предлог расказ по серија слики „Палтенцето на Ешко" (во прилог слики). Раскажуваме слика по слика.Кога ќе завршите поттикнуваме дијалог за содржината и ликовите од расказот, по желба на детето може да прераскажува слика која најмногу му оставила впечаток или да го раскаже целиот расказ.<br>На крај може да играме натпреварувачка игра „Кој прв", се натпреваруваме во облекување на топла облека, за да се подготвиме да одиме прошетка во блиската околина, парк или некое рекреативно место . |